Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 90 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/20 и 172/21), одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, синдикална организација на синдикат на УПОЗ во општина Берово и општина Берово со бр.03-4135/1 од 28.11.2022 година и Општиот колективен договор ( Службен весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 год.), Советот на Општина Берово на 58 –тата седница одржана на 14.03.2025 година донесе:

# ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА
## за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година

Член 1

Се врши измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година со Бр. 09- 4180/1 од 18.12.2024 година.

Член 2

Член 15 од Одлуката се менува и гласи:

"Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма **Е0** – Општинска администрација и **Ќ0** – Противпожарна заштита, расходно конто – **464990** – Разни трансфери."

Член 3

Член 19 од Одлуката се менува и гласи:

"Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта,односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во Програма **Е0** – Општинска администрација и **Ќ0** – Противпожарна заштита, расходно конто **464990 – Други трансфери**.

Средствата за овие намени за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464990 – Други трансфери.

На работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања."

Член 4

Член 20 од Одлуката се менува и гласи:

"Во согласност со Колективен договор на општината, за непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години кај работодавачот. Висината на јубилејната награда изнесува:

- за 10 години – 100%,
- за 20 години – 110%,
- за 30 години – 120% и
- за 40 години – 130%

од основицата од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото.

Исплатата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма Д0 – Градоначалник, Е0 – Општинска администрација и Ѓ0 – Противпожарна заштита расходно конто 464990 – Други трансвери на основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно колективен договор.

Во согласност со Општиот колективен договор за јавниот сектор, вработените во локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита – дом за стари лица, имаат право на јубилејна награда за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висна од најмалку:

- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;
- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;
- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и
- 200% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.

Средствата за исплата на јубилејни награди за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464990 – Други трансфери.

Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во последните 12 месеци

На останатите локални јавни установи од областа на културата и заштитата на детето, јубилејните награди на вработените ќе им се исплаќаат согласно одредбите од Колективните договори кои ги имаат склучено на ниво на работодавач односно на ниво на гранка."

Член 5

Член 22 од Одлуката се менува и гласи:

"За првото дете кое ќе се роди на територијата на општина Берово ќе се врши исплата на 15.000,00 ден. од потставка 464990 – Други трансвери, **Програма В3 –** Социјална заштита согласно програмата од областа на социјалната заштита.

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,00 ден. од потставка 464990 – Други трансвери, **Програма В3** – Социјална заштита, согласно програмата за социјална заштита.

За најдобрите ученици во средното образование ќе се врши исплата на стипендии од потставка **464990** – Други трансвери, **Програма Н2 –** Средно образование согласно програмата од областа на образованието.

За учениците од прво одделение, основно образование и прва година, средно образование ќе се врши исплата на 5.000,00 денари од потставка – **464990** – Други трансвери, **Програма Н1 – Основно образование** и **Програма Н2 – Средно образование** согласно програмата од областа на образованието."

Член 6

Останатите одредби од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година со Бр. 09- 4180/1 од 18.12.2024 година, остануваат непроменети.

Член 7

Оваа Одлука е составен дел на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година со Бр. 09- 4180/1 од 18.12.2024 година.

Член 8

Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр. 09- 1026/1
14.03.2025 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Петар Ружински